MQS
Partner of Quality Austria

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12 - 78/2
21 -07- 2020 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,), и членот 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмети оформени по пријави од подносителот -------------- од --------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на продолжението на 31-та седница одржана на 16.07.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-2331/1 од 08.04.2019 година и предметот со број 12-3136/1 од 17.06.2019 година оформени по пријави поднесени од подносителот -----------------.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметите со број 12-2331/1 од 08.04.2019 година и со број 12-3136/1 од 17.06.2019 година, од причина што во конкретниот случај за кој се оформени двата предмети постапувала надлежна институција која во рамките на своите законски надлежности ја утврдила фактичката состојба и донела соодветна одлука, па поради тоа наводите во пријавата се непотврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2331/1 од 08.04.2019 година и со број 12-3136/1 од 17.06.2019 година со број е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ------------.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконски и коруптивни дејствија преземени од службени лица, вработени во Центарот за катастар на недвижности – Скопје, кои се поврзани со бесправно, како што наведува пријавителот, вцртана парцела КП 5967/4 Катастарски план за КО Ѓорче Петров. Во пријавата се наведува дека подносителот побарал од овластените лица во Центарот за катастар на недвижности – Скопје бесправно вцртаната парцела да биде избришана, а КП 5967/1 КО Ѓорче Петров да биде вратена во границите како што е во планот од 2009 година, што е и фактичка состојба на лице место. Во пријавата се изразува сомневање дека со фалсификувана потврда и без правен акт (број, датум и име на органот кој го издал) е вцртана КП 5967/4 во Катастарскиот план за КО Ѓорче Петров.

Со цел утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-2331/4 од 13.06.2019 година со кое се писмено побара од Агенцијата за катастар на недвижности да достави целосна информација за постапката која се водела од страна на вработено лице ------------ во Центарот за катастар на недвижности – Скопје, поврзана со вцртувањето на Парцелата КП 5967/4 во Катастарскиот план за КО Ѓорче Петров 6, со посебен акцент за тоа врз основа на кој правен акт било направено вцртувањето на парцелата КП 5697/4 со прилог целокупна документација за овој предмет.

Во законски утврдениот рок беше доставен одговор со број 12-2331/5 од 03.07.2019 година од Агенцијата за катастар на недвижности.

Од доставената документација од страна на Агенцијата за катастар на недвижности се констатира следново:

Секторот за контрола и надзор направил увид во катастарската евиденција и архивската документација при што констатирал дека предметната парцела К.П. 5967/4 К.О. Ѓорче Петров 6 за прв пат се оформува, односно запишува, согласно изготвената Потврда за отстранување техничка грешка во катастарот на недвижности - по службена должност бр.1121-4925/2011 од 12.12.2011 година.

Постапката е иницирана од страна на лицето Јовица Јовевски кој се јавува како подносител на претставка со бр.1136/3423/1 од 05.10.2011 година со која изразува незадоволство од претходно добиените Потврди бр.1105/Дн.бр.27052 од 09.11.2009 и 1105/Дн.бр.27138 од 09.11.2019 година кои се однесуваат на систематско запишување на правата на недвижностите.

Согласно наводите од Претставката дека утврдената состојба од страна на Центарот за катастар на недвижности не се совпаѓа со фактичката состојба на К.П.5967/1 и К.П.5967/2 К.О. Ѓорче Петров 6, односно барањето за тоа дека треба да се направат одредени исправки по однос на граничните линии и сопственоста на предметните парцели, оформен е предмет - службен наод со бр. 1121-4925/2011 од 12.12.2011 година.

Службениот наод е оформен во насока на продолжување на постапката по предмет 1136/3423/1 од 05.10.2011 година, односно усогласување на состојбата на предметните парцели согласно поранешната катастарска евиденција и постоечките правни основи.

Од страна на стручното лице била изготвена службена белешка, во која детално е опишана целата состојба за катастарските парцели кои биле евидентирани со поранешната катастарска евиденција за К.О Оризари (во однос на графичкиот дел), а која не се совпаѓала со правните основи кои се приложени за запишување на нивната сопственост и како такви се третирале во постапката на систематско излагање.

Со цел да се исправат недостатоците од претходните постапки, односно да се усогласи состојбата на предметните парцели со поранешната катастарска евиденција и постоечките правни основи во постапката било направено спојување на неколку парцели и тоа на: К.П.5961, К.П.5962, К.П.5963 и К.П.5967/1 кои биле дел од поранешните К.П.226/33 и К.П.226/48 К.О. Оризари и истите се запишани како К.П.5967/1 К.О. Ѓорче Петров 6, додека делот од 31м$^2$ кој бил евидентиран на К.П.5967/1 а претставувал дел од друга, поранешна К.П.226/19 К.О. Оризари е запишан како К.П.5967/4 К.О. Ѓорче Петров 6 во нов пописен лист бр.93380 на Р. Македонија без утврдени права на сопственост.

Имајќи го предвид горенаведеното, може да се заклучи дека оформувањето на К.П.5967/4 К.О. Ѓорче Петров 6 е резултат на усогласување на податоците од катастарската евиденција на неколку катастарски парцели по службена должност. Извршените промени се направени согласно поранешната катастарска евиденција, односно во постапката се користени постоечките правни основи за К.О. Оризари од катастар на земјиште.

Од спроведната постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата и преземените конкретни дејствија, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во конкретниот случај постапувала надлежна институција кои во рамките на своите законски надлежности ја утврдила фактичката состојба и донела соодветна одлука, па оттаму ДКСК заклучи дека наводите во пријавата не се потврдени.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: Нури Бајрами, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Катица Николовска**